Етички кодекс

на РЕПЛЕК АД – Скопје

Скопје, октомври, 2025



Почитувани колеги,

Од самото создавање на Реплек, нашата визија е да креираме добросостојба. Оваа наша визија е испрелетена во нашето битие и во нашето секојдневние. Креираме добросостојба пред се за нашите вработени, се грижиме за нивните потреби и развој.

Реплек го почитува личното достоинство, правата и различноста на поединецот, во рамките во и надвор од компанијата. Нашите постапки се отворени и чесни и ги исполнуваме своите обврски како одговорни партнери.

Секој од нас е должен да постапува совесно, стручно, одговорно, чесно, ефикасно и непристрасно.

Човечкиот капитал е нашата најголема вредност. Ние водиме постојана грижа за вработените овозможувајќи им услови каде што максимално ќе го остварат својот потенцијал. Во Реплек градиме добри меѓусебни односи врз основа на почит и доверба. Креираме средина што ги поттикнува вработените кон креативност и ефикасност. Секоја креативна идеја ја прифаќаме, а реализацијата ја правиме најдобро што можеме.

Ние градиме култура на доверба, почитување, соработка и тимска работа, континуирано учење и одговорно и ефикасно работење. Инвестираме во иновативноста, развојот и истражувањето кои ни овозможуваат секојдневно да се подобруваме. Работиме во деловна средина која постојано се менува, ги стимулираме промените и брзо одговараме задоволувајќи ги потребите на пазарот.

Душан Пецовски

Генерален директор и претседател на управен одбор

Кои сме ние?

Нашата мисија е

Посветено да креираме иновативни и софистицирани фармацевтски решенија, дизајнирани да ги одговорат здравствените потреби на сите чинители. Делуваме со агилност, креативност и енергија, водени од посветеност кон квалитет, ефективност и општествена одговорност.

Ние имаме визија

да бидеме глобално препознатлива фармацевтска компанија со автентичен пристап, каде сплотениот и посветен тим создава добросостојба за луѓето на сите пазари каде што сме присутни.

Содржина

Кои сме ние? 3
1. Вовед 5
2. Цел и применливост 5
2.1 Кој треба да го применува Етичкиот кодекс? 6
3. Основни вредности 6
3.1 Интегритет 6
3.2 Законитост и усогласеност 7
3.3 Одговорност 7
3.4 Почитување и еднаквост 7
3.5 Професионализам 8
4. Спречување на корупција и поткуп 8
5. Судир на интереси 8
6. Укажување на неправилности (whistleblowing) 9
7. Инсајдерски информации 9
8. Обврски кон засегнати страни 9
9. Имплементација и следење 10

1. Вовед

Овој Етички кодекс претставува основен документ кој ја утврдува посветеноста на РЕПЛЕК АД кон етичко делување, корпоративна одговорност и усогласеност со законските прописи и добрите практики на корпоративно управување. Кодексот претставува рамка врз која се развиваат и се применуваат специфични политики и процедури во корпоративните области на работењето.

Овој документ претставува доказ за посветеноста на Реплак АД Скопје кон најдобрите корпоративни практики, втемелени во Кодексот за корпоративно управување на Македонската берза на хартии од вреднност, Законот за хартии од вредност, Законот за спречување на корупција и судир на интереси и Законот за трговските друштва.

Со овој Кодекс, ги прифаќаме сите етички принципи воспоставени во фармацевтската индустрија вклучувајќи ги и принципите наведени во Кодексот на професионалните етички должности и права на здравствените работници со високо образование од областа на фармацијата (Фармацевтска Комора на Република Северна Македонија), како и меѓународните принципи на EFPIA (European Federation of Pharmaceutical Industries and Associations).

2. Цел и применливост

Целта на Етичкиот кодекс на Реплек АД Скопје е да воспостави заеднички вредности и стандарди на однесување кои ќе обезбедат интегритет, транспарентност и усогласеност во работењето. Овој кодекс има за цел да создаде основа за етичко однесување и одговорно донесување одлуки од страна на сите вработени, членови на управни и надзорни органи, како и надворешни соработници, при секојдневното вршење на нивните обврски.

Преку јасно дефинирани принципи, кодексот поттикнува спречување на корупција, судир на интереси, злоупотреба на позиција и други форми на неетично однесување. Со тоа, претставува алатка за градење на корпоративна култура заснована на доверба, отчетност и правичност, што воедно придонесува и за јакнење на угледот и довербата од страна на акционерите, инвеститорите, регулаторите и јавноста.

Етичкиот кодекс претставува рамка која обезбедува усогласеност со законите, регулативата и добрите практики за корпоративно управување и овозможува развивање на конкретни политики и механизми за заштита од правни и етички ризици. Со неговото прифаќање, друштвото демонстрира недвосмислена определба за етичко водење на бизнисот и одговорно постапување на сите нивоа.

2.1 Кој треба да го применува Етичкиот кодекс?



3. Основни вредности

РЕПЛЕК АД се води од следниве основни етички принципи:

3.1 Интегритет

Ние постапуваме чесно, одговорно и транспарентно во сите деловни активности. Интегритетот е основата на довербата што ја градиме со акционерите, клиентите, вработените, регулаторите и пошироката заедница.

Интегритетот претставува основна вредност на нашето делување и однесување. Секој вработен, член на управен или надзорен одбор, како и секој деловен партнер, е должен да постапува чесно, транспарентно и во согласност со законите, внатрешните политики и највисоките етички стандарди.

Од сите вработени и чинители се очекува да бидат пример за етичко и професионално однесување. Постапки што се во спротивност со начелото на интегритет можат да доведат до дисциплински мерки, правна одговорност или раскинување на деловниот однос.

3.2 Законитост и усогласеност

РЕПЛЕК АД и сите негови вработени, менаџери, раководители, членови на органи на управување и надзор, како и надворешни соработници и деловни партнери, се должни да постапуваат во целосна усогласеност со важечките закони, подзаконски акти, прописи на регулаторите, како и со внатрешните акти и политики на Друштвото.

Усогласеноста не е избор – таа е обврска. Таа вклучува:

- Почитување на регулативата која се однесува на нашето работење, без разлика дали е национална или меѓународна;
- Усогласеност со правилата на Македонската берза, Комисијата за хартии од вредност и релевантни надзорни тела;
- Спроведување на внатрешни политики и процедури кои обезбедуваат транспарентност, отчетност и фер однесување;
- Активно следење на регулаторните промени и соодветно приспособување на работењето.

Секој вработен има должност да се информира за обврските што произлегуваат од неговата работна позиција и да побара насоки кога има нејаснотии. Намерно или ненамерно непочитување на законите и внатрешните правила може да доведе до сериозни последици – и за поединецот и за Друштвото.

3.3 Одговорност

За нас, Во Реплек АД Скопје, одговорноста подразбира активно разбирање, прифаќање и доследна примена на етичките норми, независно од можните надворешни влијанија или притисоци.

Очекувањата од секој поединец вклучуваат искрено постапување, пријавување на евентуални прекршувања, како и соработка со релевантните органи при утврдување на одговорноста за неетичко или незаконско однесување.

Непочитувањето на етичките стандарди може да резултира со дисциплински мерки, вклучително и правна одговорност, согласно законите и внатрешните акти на друштвото. Придржувањето кон принципот на одговорност е основа за градење доверба, заштита на угледот на друштвото и долгорочна одржливост на неговото работење.

3.4 Почитување и еднаквост

Ние, во Реплек АД Скопје, на секое ниво промовираме култура на почитување, различност и недискриминација. Сите вработени, клиенти и партнери се третираат праведно, без оглед на пол, возраст, националност,

етничка припадност, религија, сексуална ориентација, инвалидитет или социјален статус.

3.5 Професионализам

Професионалноста претставува посветено, совесно и стручно извршување на работните задачи, во согласност со прописите, внатрешните акти и добрите практики на работење. Таа подразбира постојано одржување и унапредување на сопствените знаења и вештини, објективност во одлучувањето и почитување на деловната етика во секој аспект од работата. Секој вработен и носител на функција во Реплек АД Скопје има обврска да постапува одговорно, да ги исполнува обврските навремено и квалитетно, да избегнува занемарување на работните должности и да не дозволува лични интереси да влијаат на професионалното расудување.

Професионалноста вклучува и културна и комуникациска пристојност, тимска соработка и почит кон колегите, клиентите, партнерите и останатите засегнати страни.

4. Спречување на корупција и поткуп

Друштвото има нулта толеранција кон сите форми на корупција и поткуп. Секој вработен, член на органите на управување и надзор, како и надворешните соработници, се должни да постапуваат чесно и транспарентно, без да примаат, нудат или бараат било каков личен или деловен бенефит што може да влијае на нивната непристрасност. Прифатливо е само давање или примање симболични подароци во рамки на деловната пристојност и согласно утврдена внатрешна политика. Секое сомневање или индиција за коруптивно дејствување мора веднаш да се пријави до надлежен орган во друштвото. Компанијата ќе развие и спроведува посебна политика за спречување корупција и поткуп, во согласност со националното законодавство и меѓународните стандарди.

5. Судир на интереси

Секој поединец во рамки на Реплек АД Скопје има обврска да ги врши своите работни задачи во интерес на друштвото, без влијание од лични, семејни или други надворешни интереси кои можат да го загрозат неговото објективно одлучување.

Судир на интереси настанува кога личниот интерес на вработениот може да се судри со интересите на друштвото, било директно или индиректно. Во такви случаи, поединецот е должен веднаш да го пријави судирот на интереси и да се изземе од процесите каде тој судир постои. Пеплрк АД Скопје ќе донесе посебна

политика за идентификација, управување и превенција на судири на интереси, со цел заштита на транспарентноста и интегритетот на работењето.

6. Укажување на неправилности (whistleblowing)

Реплек АД Скопје активно поттикнува култура на пријавување и обезбедува безбедни канали за укажување на неправилности од страна на вработените или трети лица. Под неправилности се подразбираат сите постапки кои се спротивни на законите, етичките правила, внатрешните политики или кои можат да наштетат на интересите на друштвото или јавноста.

Лицата кои укажуваат на неправилности имаат право на доверливост и заштита од одмазда. Пријавувањето може да биде анонимно и ќе биде постапувано со највисоко ниво на интегритет и сериозност. Овој кодекс претставува основа за развивање на посебна политика за укажување на неправилности, во согласност со важечките закони и најдобрите практики.

7. Инсајдерски информации

Информациите кои не се јавно достапни, а може значително да влијаат врз пазарната цена на хартии од вредност издадени од друштвото, се сметаат за инсајдерски информации.

Строго е забрането нивно користење за лична или туѓа финансиска добивка, како и нивно неовластено откривање. Вработените и сите релевантни лица кои доаѓаат во контакт со вакви информации се должни да постапуваат со највисоко ниво на дискреција и усогласеност со прописите за пазар на капитал.

Реплек АД Скопје ќе воспостави посебна политика за инсајдерски информации, со цел усогласеност со Законот за хартии од вредност и регулативата на Комисијата за хартии од вредност.

8. Обврски кон засегнати страни

Реплек АД Скопје презема обврска да постапува одговорно, транспарентно и чесно кон сите засегнати страни со кои остварува деловни, правни или општествени односи. Засегнатите страни вклучуваат акционери, инвеститори, вработени, клиенти, добавувачи, државни институции, регулатори, медиуми и поширокаата заедница.

Реплек АД се стреми да ја унапредува довербата и взаемната почит преку доследно исполнување на договорните, законските и етичките обврски.

Кон акционерите, друштвото постапува со максимална грижа за нивниот интерес, обезбедувајќи навремени, точни и фер информации за своето работење, резултати и ризици.

Кон вработените, обезбедува праведни услови за работа, еднакви можности, безбедност, почитување на човековото достоинство и охрабрување за професионален развој.

Кон клиентите и партнерите, друштвото се обврзува на коректен однос, заштита на личните и доверливите податоци, како и обезбедување на производи и услуги со висок квалитет и вредност.

Во однос на заедницата, друштвото признава и прифаќа својата општествена и еколошка одговорност, стремејќи се кон одржлив развој и позитивен придонес кон општото добро. Постапувањето во согласност со вредностите на отчетност, правичност и интегритет е темелот на односите со секоја засегната страна и претставува суштина на етичкото управување и одржливо деловно работење.

9. Имплементација и следење

За успешна примена на Етичкиот кодекс, Реплек АД Скопје воспоставува јасна структура на одговорности поврзани со неговата имплементација и надзор. Секторот Луѓе е надлежен за информирање и спроведување на кодексот во секојдневното работење, вклучително и за интегрирање на неговите принципи во процесите на вработување, обука, развој и управување со перформанс.

Секторот Луѓе ќе обезбеди континуирана едукација на вработените, запознавање на нововработените со содржината на кодексот и поддршка при неговата практична примена.

Следењето на усогласеноста со Етичкиот кодекс е во надлежност на Офицерот за корпоративна усогласеност, кој има задача да обезбеди континуирано набљудување, проценка на ризици од неетичко однесување и постапување по евентуални прекршувања. Офицерот во своите извештаи за усогласеност, задолжително се осврнува и на примената на кодексот и дава препораки за негово унапредување.

Овој Етички кодекс го усвојува Надзорниот одбор на Реплек АД Скопје, кој ја носи крајната одговорност за негова примена. Со тоа, на највисоко ниво на управување се исздигнуваат етичките принципи и врдности кои ги промовира Реплек АД Скопје. Со усвојување на овој Етички Кодекс, се става вон сила Кодексот за етичко и деловно однесување Бр. _____. Постапката за измена на овој Кодекс е иста како и постапката за негово донесување.

Претседател на НО

Антонио Георгивски